РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

# Извештај за работењето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) за периодот јануари – мај 2021 година

јуни, 2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

# Извештај за работењето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) за периодот јануари – мај 2021 година

јуни, 2021

# СОДРЖИНА

**Поставеност, законски надлежности и состав на КСЗД** 5

Состав на КСЗД 7

Капацитети на КСЗД 7

Седници на КСЗД 8

Соработка со релевантни чинители 8

**Статус на имплементирање надлежности на КСЗД** 10

Постапување по претставки 10

Вмешување во постапка (amicus curiae) 11

Стручни мислења 12

**Реализирани активности на КСЗД** 13

Состаноци на КСЗД со релевантни институции, граѓански и меѓународни организации 13

Учество на КСЗД на настани, обуки, конференции 15

Присуство на КСЗД во медиумите 16

Почитувани,

Првиот состав на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД), основана согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. весник на РСМ бр. 258/30.10.2020) беше избран од страна на Собранието на Република Северна Македонија на 25 јануари 2021 година. Првата неформална средба на новоизбраните членови се случи на 1 февруари 2021 година во просториите на Министерството за труд и социјална политика, на покана на Министерката за труд и социјална политика. На таа средба членовите на Комисијата се соочија со два непобитни факти: од една страна, дека во рацете имаат закон што им нуди одлична можност да се реализираат како ефикасно тело кое ќе работи на спречување и заштита од дискриминација и промоција на еднаквоста, човековите права и недискриминацијата и од друга страна, дека се нова институција која нема свои простории, нема стручна служба и вработени, ниту дефинирани административни процедури за регистрирање како нов субјект во државниот правен систем.

Но, токму ваквите предизвици дополнително го подигнаа нашиот ентузијазам и енергија да се впуштиме во нивно разрешување. Токму овие предизвици нѐ поврзаа како тим што има заедничка цел и визија: новата Комисија за спречување и заштита од дискриминација да ја втемелиме како двигател на позитивни промени за суштинска еднаквост, промоција на човековите права и елиминирање на сите видови дискриминација, која ужива голема доверба кај граѓаните.

Затоа секој успешен чекор што го направивме во овие четири месеци постоење, го доживеавме како вистински мал успех и

чекор кон остварување на нашата визија и мисија. Сами успеавме да се регистрираме во Централниот регистар, сами ги набавивме првиот печат и штембил, додека се радувавме на секоја подадена рака за поддршка. Владата на РСМ ни додели пристапни простории на трајно користење, Британската амбасада ни обезбеди стручна поддршка при креирањето на основните акти на институцијата, Мисијата на ОБСЕ ни обезбеди стручна помош при брендирањето на Комисијата и креирањето на иновативен, технолошки напреден софтвер за работа на предмети, Мрежата за заштита од дискриминација ја обезбеди првата основна обука на членовите на КСЗД при работа на предмети, канцеларијата на ООН во Скопје организираше онлајн донаторска конференција и претставување на Комисијата пред меѓународните организации и амбасади во Скопје, додека Македонскиот центар за меѓународна соработка ни даде поддршка при подготвувањето на првата промотивна кампања под наслов: „Фудбалот против дискриминацијата“.

Затоа и со гордост можеме да кажеме дека првите четири месеци од работата на Комисијата беа месеци што не треба да се заборават. Иако пред нас се уште многу нерешени предизвици – адаптирање на новите простории и опремување со мебел и средства за работа – продолжуваме да ја градиме оваа институција со исто темпо и со ист ентузијазам. Или како што често знае да каже наш колега-член на Комисијата: „Се чувствувам како да сум дел од тим што гради историја“.

Со почит,



Претседателка на Комисијата за спречување
и заштита од дискриминација

Весна Бендевска

# ПОСТАВЕНОСТ, ЗАКОНСКИ НАДЛЕЖНОСТИ И СОСТАВ НА КСЗД

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е основана со донесувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација на 27 октомври 2020 година[1] откако претходно, во мај, Уставниот суд го укина врз основа на недостигот на мнозинство со кое беше донесен во тоа време. Овој закон обезбедува професионализација на Комисијата и пошироки законски овластувања, што треба да резултираат со подобра превенција и заштита од дискриминација. Законот за заштита од дискриминација од 2010 година,[2] за тогашната Комисија предвидуваше 12 таксативно наброени законски надлежности,[3] додека со новиот закон тие надлежности се зголемуваат на 26[4]. Покрај квантитативно поголемиот број надлежности, се зголемува и квалитативниот ангажман на Комисијата. Тие надлежности се однесуваат на: превентивната функција на Комисијата, подготвување и примена на програми и материјали од областа на формалното и неформалното образование, подготвување и објавување посебни и тематски извештаи за одредени прашања од областа на еднаквоста и недискриминацијата, давање општи препораки за одредени прашања од областа на еднаквоста и недискриминацијата и следење на нивното спроведување, подготвување на извештаите што државата е должна да ги поднесува до меѓународните и регионалните тела за човекови права и придонесува за спроведување на нивните препораки, иницирање измена на прописи заради спроведување и унапредување на заштитата од дискриминација, давање мислења по предлози на закони од значење за спречување и заштита од дискриминација, можноста за поведување судски постапки, вклучување како замешувач и пријател на судот во тие постапки. Во новиот закон се прошируваат и основите за дискриминација што значи дека КСЗД покрај тоа што има повеќе квантитативни и квалитативни надлежности, сега дејствува и во насока на

[1] Закон за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр.: 258/20).

[2] Службен весник на РМ бр. 50/2010.

[3] Член 24 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РМ бр. 50/2010).

[4] Член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РСМ бр. 258/2020).

спречување и заштита од дискриминација на поголема група на граѓани.

Новиот закон пропишува построги критериуми како услов за избор на членовите на Комисијата во споредба со законот од 2010 година. За разлика од претходниот закон што предвидуваше само општи одредби како што се државјанство, живеалиште во РМ, високо образование и искуство во областа на човековите права,[5] важечкиот закон ја дополнува таа листа со најмалку седум години работно искуство во областа на човековите права, од кои пет години во областа на еднаквоста и недискриминацијата. Тоа значи дека важечкиот закон поставува повисоки услови за изборот на членови на КСЗД. Законодавецот ова го предвиде со цел подобрување на ситуацијата со спречување и заштита од дискриминација, подобрување на ефикасноста на работата на Комисијата и исполнување на меѓународно пропишаните критериуми за национални институции за човекови права (Париски принципи за национални институции за човекови права на ООН)[6].

Во однос на постапките пред Комисијата, зголемени се роковите за поднесување на претставките од страна на лицата кои сметаат дека се дискриминирани, така што претставката може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога повредата била направена. Од друга страна, пак, скратен е временскиот рок во кој Комисијата носи мислење по доставена претставка и тој изнесува 60 дена од приемот на претставката. Во однос на мислењата кои ги носи Комисијата, а во духот на сите одлуки кои ги носат телата за еднаквост, тие остануваат правно необврзувачки за дискриминаторот. Меѓутоа, со новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата има законска обврска да поднесе барање за покренување прекршочна постапка пред надлежен суд против лицето кое не постапило по мислењето и препораката на Комисијата, одредба што треба да даде поголема сигурност дека лицата кои извршиле дискриминација ќе постапуваат по мислењата и препораките на Комисијата.

[5] Член 18 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РМ бр. 50/2010).

[6] Глобален сојуз на национални институции за човекови права, достапни на https://nhri.ohchr.org/EN/AboutUs/Pages/ParisPrinciples.aspx

## СОСТАВ НА КОМИСИЈАТА

Членовите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беа изгласани од страна на Собранието на Република Северна Македонија на 25 јануари 2021 година со мнозинство гласови од 61 пратеник.[7] Составот го одразува мултиетничкиот карактер на државата и за член на Комисијата првпат е избран припадник на ромската етничка заедница, што е позитивен чекор во борбата против дискриминацијата. Но, за жал составот на Комисијата не е родово балансиран. Имено, од избраните седум комисионери, само две се жени, од кои едната поднесе оставка поради лични причини. Согласно новиот закон, за претседателка на првиот состав на Комисијата е избрана Весна Бендевска со мандат од една година.

## КАПАЦИТЕТИ НА КОМИСИЈАТА

Составот на Комисијата во моментов брои шест члена, бидејќи една членка по изборот поднесе оставка од лични причини. Врз основа на тоа, Собранието на Република Северна Македонија донесе Одлука за објавување на јавен оглас за избор на член на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, на седница одржана на 5.5.2021 година.[8] Изборот на седмиот член ќе придонесе кон непречено работење на ова тело и зголемување на функционалноста и оперативноста на Комисијата.

Во Комисијата работат двајца државни службеници кои се доделени да работат во ова тело со овластување од страна на Министерството за труд и социјална политика. Во меѓувреме, членовите на Комисијата работат на процесот на формирање стручна служба. Врз основа на тоа, КСЗД подготви акт за систематизација што предвидува вработување/преземање на 13 службеници кои се од клучно значење за основно функционирање на телото. Дополнително, во завршна фаза се административно-техничките подготовки во насока на формирање на службата преку подготовка на правилник за внатрешна организација, деловник за работа, функционална анализа и други акти кои

[7] Собрание на Р. Северна Македонија, Седница бр. 8 на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата закажана на 5.1.2021 год. во 13.00 часот.

[8] Собрание на Р. Северна Македонија, достапно на: https://sobranie.mk/content/Javen%20oglas-diskriminacija/Oglas-diskriminacija%207.5.2021.pdf

се важни за внатрешното управување со Комисијата. Во првата година од мандатот на Комисијата, планирано е преземање на 13 административни службеници од други институции врз основа на Законот за вработените во јавниот сектор, со што би се обезбедила минималната потреба од техничка и стручна човечка поддршка во работата на комисионерите и би се зголемила ефикасноста во работата на Комисијата.

Со заклучокот на владата од 6 април 2021 година, на Комисијата ѝ беа доделени просториите кои во моментов се седиште на Државната комисија за спречување на корупцијата. По потпишувањето на договорот за примопредавање на просториите помеѓу ДКСК и КСЗД, Комисијата во мај се всели во овие простории што се наоѓаат на ул. „Даме Груев“ бр. 1 во Скопје. Во моментот, КСЗД се соочува со недостиг на технички капацитети за нејзино непречено функционирање. Во просториите недостасува мебел (работни маси, столови, конференциска маса, плакари за складирање на документи и слично), техничка опрема (компјутери, сервер и сл.) и канцелариска опрема.

## СЕДНИЦИ НА КСЗД

Од изгласувањето на првиот состав на КСЗД, беа одржани вкупно 17 седници. Конститутивната седница на членовите на КСЗД се одржа на 3 февруари 2021 година, на која членката Весна Бендевска беше избрана за прва претседателка на Комисијата. На истата седница беше донесена одлука за регистрирање на Комисијата во Централниот регистар, како нов правен субјект согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација изгласан на 27 октомври 2020 година.[9]

## СОРАБОТКА СО РЕЛЕВАНТНИ ЧИНИТЕЛИ

Во април 2021 година, КСЗД потпиша меморандум за разбирање и соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, со период на имплементација до 31 декември 2023 година. Меморандумот

[9] Закон за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр.: 258/20).

ја постави основата за соработка меѓу двете страни, за работи од областа на спречувањето и заштитата од дискриминација и областа на унапредување и промоција на човековите права во земјата. Во таа насока, Мисијата на ОБСЕ во Скопје ќе ѝ обезбеди на КСЗД креирање на интернет-страница, лого, механизам за поднесување претставки преку интернет, база на податоци за распределба и следење на предметите поврзани со претставките за дискриминација поднесени до ова тело и други работи поврзани со унапредување на работата на Комисијата.

Во април 2021 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација потпиша меморандум за соработка со Мрежата за заштита од дискриминација со период на имплементација во рок од три години. Меморандумот за соработка има за цел спроведувањето на активностите кои се од заеднички интерес, како и соработка при реализацијата на активностите во рамки на проектот „Здружена акција за унапредување на еднаквоста и социјалната правда на маргинализираните заедници“.

Во мај 2021 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација потпиша меморандум за разбирање и соработка со Амбасадата на Велика Британија во Скопје со период на имплементација до март 2023 година. Целта на меморандумот е обезбедување поддршка на КСЗД за имплементирање на проектот насловен „Борба со дискриминацијата преку основање на комисија за заштита од дискриминација“. Со проектот се планира воспоставување на функционален систем за заштита на основните права на граѓаните и спречување дискриминација, преку ефективна работа на КСЗД. Следствено, соработката ќе овозможи поставување на стратешки приоритети на Комисијата преку развивање на стратешки документи, креирање на организациски документи, зајакнување на капацитетите на Комисијата и зголемување на отчетноста пред граѓаните.

# СТАТУС НА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НАДЛЕЖНОСТИ НА КСЗД

## ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ

Согласно чл. 47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, почнатите постапки за заштита од дискриминација, како и поднесените претставки по кои не е почната постапка до денот на влегување во сила на овој закон, ќе завршат според одредбите на овој закон. КСЗД, исто така, презеде 78 претставки поднесени до поранешната Комисија за заштита од дискриминација. Дополнително, од моментот на основање на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, заклучно со мај 2021 година до телото се поднесени уште 12 претставки. Вкупниот број на претставки по кои постапува Комисијата во извештајниот период изнесува 90 претставки.

КСЗД креираше параметри кои претставуваат основа за понатамошна анализа на предметите за креирање на одржливи решенија, препораки и заклучоци. Според тоа, од вкупниот број на предмети, 25,5 % се поднесени од жени, 35,5 % се поднесени од мажи, 32,2 % се поднесени од правни лица, додека 6,8 % се поднесени од група граѓани. Врз основа на градот на живеење на подносителите, околу 45 % живеат на територијата на Скопје додека останатите се од други градови од земјата: Тетово, Битола, Штип, Велес и други. Дополнително, Комисијата има и пет претставки поднесени од правно лице со седиште во Брисел. За жал, анализите за пријавената основа на дискриминација не можат да се спроведат, бидејќи во голем дел од претставките поднесувачите не ја пријавуваат основата додека од содржината на претставката таа не може да се утврди. Комисијата планира да го надмине овој предизвик преку креирање образец што потоа ќе се внесува во базата на податоци што ќе ги обрабо-

тува сите релевантни параметри за анализа на состојбата со дискриминацијата во земјата.

Во однос на постапувањето на Комисијата, за 40,5 % од претставките е испратен допис за изјаснување до потенцијален дискриминатор, 22,2 % од претставките се отфрлени поради ненадлежност за постапување, 5,5 % се отфрлени поради неуредност и покрај испратените дописи за дополнително уредување, додека за другите претставки сѐ уште се работи на анализа на содржината поради обемноста.

## ВМЕШУВАЊЕ ВО ПОСТАПКА (amicus curiae)

Една од новите надлежности согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација е можноста КСЗД да да поднесе барање до судот да му овозможи да дејствува како пријател на судот (amicus curiae), по барање на странката или по сопствена иницијатива,. Во март 2021 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права достави барање до КСЗД за вклучување во судска постапка како „пријател на судот“. Предметот е поведен врз основа на тужба од јавен интерес (actio popularis) поведена од страна на Хелсиншкиот комитет во врска со дискриминација врз лицата со попреченост по однос на пристапноста до и во избирачките места. Комисијата, како професионално тело за еднаквост, во барањето за вклучување како пријател на судот вклучи толкување на членови од Меѓународната конвенција за правата на лицата со попреченост на Организацијата на Обединетите нации кои се однесуваат на соодветното приспособување, општа пристапност, еднаквост и недискриминација, визави пристапот до гласачките места и овозможување лицата со попреченост да го остварат правото на глас, како дел од учеството во политичкиот и јавниот живот на лицата со попреченост. Дополнително, Комисијата во овој поднесок изврши и краток преглед на судската практика на Европскиот суд за човекови права, во предмети во кои судот

утврдил дискриминација врз основа на попреченост, поради необезбедено соодветно приспособување.

## СТРУЧНИ МИСЛЕЊА

КСЗД во април 2021 година го изготви своето прво стручно мислење од формирањето на новото тело. Согласно чл. 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, КСЗД изработи стручно мислење по предлогот за воведување на категоријата етничка припадност во личните карти, содржан во предлог-законот за измени и дополнувања на Законот за лични карти.

# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА КСЗД

## СОСТАНОЦИ НА КСЗД СО РЕЛЕВАНТНИ ИНСТИТУЦИИ, ГРАЃАНСКИ И МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ

- **1 февруари 2021**, координативен состанок на членовите на КСЗД со министерката на Министерството за труд и социјална политика;
- **17 февруари 2021**, работен состанок со работната група за НАП за унапредување на правата на ЛГБТИ лицата во РСМ за периодот 2021 – 2025 година;
- **18 февруари 2021**, онлајн-состанок на КСЗД со Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) за поставување на основи на соработка;
- **19 февруари 2021**, онлајн-состанок со претставници на Реактор – истражување во акција, во рамките на регионалната акција „Унапредување на работничките права на жените“;
- **23 февруари 2021**, работен состанок со претставници на Министерство за информатичко општество и администрација во врска со предлог-акти на Комисијата;
- **24 февруари 2021**, работен состанок со Биро за јавни набавки;
- **24 февруари 2021**, работен состанок со претставници на Амбасадата на Велика Британија за поставување на основи на соработка;
- **26 февруари 2021**, состанок помеѓу КСЗД и Мрежата за заштита од дискриминација (МЗД);
- **2 март 2021**, состанок со Управниот одбор на Совет на Европа во рамките на хоризонталниот механизам за Западен Балкан и Турција;

- **10 март 2021**, работен состанок со Центарот за управување со кризи за договор и планирање и изготвување на стратешки и други документи во корист на Комисијата, поддржани од Амбасадата на Велика Британија;
- **18 март 2021**, онлајн-состанок со Мисијата на ОБСЕ, во врска со утврдување на нивната поддршка за изработка на интернет-страница, службени е-пошти на КСЗД, креирање лого и софтвер за работа на предмети;
- **23 март 2021**, состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика, во коорганизација на Европската комисија, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за труд и социјална политика;
- **28 април 2021**, брифинг на КСЗД со Канцеларијата на постојаниот координатор на ООН во Република Северна Македонија;
- **8 април 2021**, работен состанок г-н Дитер Шиндлауер, тим-лидер на компонента четири од „Проект на ЕУ за владеење на правото".
- **23 април 2021**, работна средба на КСЗД со Меѓународниот центар за меѓународна соработка;
- **3 мај 2021**, средба со Фудбалската федерација на Македонија и понуда за соработка и заеднички проект „Промоција на еднаквоста – Фудбалот против дискриминацијата";
- **16 мај 2021**, онлајн работна средба со ОБСЕ за договарање на проект за изработка на интернет-страница, брендирање и софтверски алатки за водење предмети со поддршка на ОБСЕ;
- **18 мај 2021**, работна средба со амбасадорот на Кралството Холандија.

## УЧЕСТВО НА КСЗД НА НАСТАНИ, ОБУКИ, КОНФЕРЕНЦИИ

- **5 февруари, 2021**, онлајн работна средба за презентација на Националниот извештај за статусот на спроведувањето на препораките од ЕКРИ за РСМ за периодот 2016 – 2020 година и нивно следење во иднина;
- **29 март 2021**, еднодневен онлајн-тренинг на канцеларијата на Совет на Европа во Скопје, на тема „Адресирање на говор на омраза преку комуникација и пристап засновани на човекови права“;
- **31 март 2021**, онлајн регионална конференција „Ефективни национални институции за човекови права во Западен Балкан“ во организација на Институтот за европска политика – Скопје;
- **31 март 2021**, онлајн-настан по повод Меѓународниот ден на видливоста на трансродовата заедница;
- **20 април 2021**, учество и обраќање на претседателката Весна Бендевска на онлајн-претставувањето на Извештајот на Стејт департментот за состојбата со човечките права во РСМ за 2020 година, во организација на Амбасадата на САД;
- **28 април 2021**, меѓународна онлајн донаторска конференција во организација на Канцеларијата на ОН во Скопје;
- **10, 11, 12 и 17 мај 2021**, онлајн-обука на членовите на КСЗД во организација на Мрежата за заштита од дискриминација;
- **12 мај 2021**, учество на КСЗД во евалуацијата на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2016 – 2020 година, во организација на МТСП и со поддршка на ОБСЕ;
- **17 мај 2021**, учество на панел по повод одбележувањето на Меѓународниот ден за борба против хомофобија, трансфобија и бифобија, во организација на делегацијата на ЕУ во Скопје;
- **19 мај 2021**, обраќање на претседателката Весна Бендевска на онлајн-презентацијата на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“;

- **25 мај 2021**, учество во онлајн-дискусијата за измените на Законот за матична евиденција како дел од заедничка програма на Европската унија и Совет на Европа;
- **31 мај 2021**, еднодневен онлајн-тренинг на тема „Адресирање на говор на омраза преку комуникација и пристап заснован на човекови права," во организација на канцеларијата на Совет на Европа во Скопје.

## ПРИСУСТВО НА КСЗД ВО МЕДИУМИТЕ

- **28 јануари 2021**, учество на комисионерот Кире Василев на интервју на Слободна ТВ во програмата „Утрински брифинг";
- **1 март 2021**, интервју на комисионерот Игор Јадровски за интернет-порталот www.janakiznae.com;
- **19 март 2021**, учество на комисионерот Игор Јадровски на интервју за интернет-порталот www.mms.mk;
- **3 март 2021**, учество на комисионерите Игор Јадровски и Исмаил Камбери на интервју за Радио МОФ;
- **27 април 2021**, учество на комисионерот Исмаил Камбери на дебата во просториите на "Europe House" во организација на „3Д Проект студио" во рамките на ЕУ-проект за млади;
- **7 мај 2021**, гостување на комисионерот Игор Јадровски на интервју на Слободна ТВ во програмата „Утрински брифинг".

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ул. Даме Груев бр. 1, 1000 Скопје
contakt@kszd.mk

**ЧЛЕНОВИ:**

| | |
|---|---|
| Весна Бендевска | v.bendevska@kszd.mk |
| Ирфан Деари | i.deari@kszd.mk |
| Игор Јадровски | i.jadrovski@kszd.mk |
| Лимко Бејзароски | l.bejzaroski@kszd.mk |
| Кире Василев | k.vasilev@kszd.mk |
| Исмаил Камбери | i.kamberi@kszd.mk |